# Вест Живот



## Коци од "Нови дечки": Ќе пеам само ако имам добра песна

Коста Костовски, или Коки од поранешни "Нови дечки", се откажува од музиката, но не засекогаш. По повеќето хитови со "Нови дечки" и по соло-баладите реши во следниот период да паузира со музиката и повеќе да им се посвети на професионалните обврски.

- Ја сакам музиката и никогаш комплетно не би се откажал од неа, но поради многу други околности мислам дека треба да направам пауза. Впрочем, јас и не сум професионален пејач, туку музиката ми е само голема љубов и хоби, и затоа оставам простор да се истакнуваат оние на кои таа им е професионална определба. Но, токму таа моја љубов кон убавата песна не ми дозволува засекогаш да му кажам збогум на пеењето. Може да се случи по не знам колку време пауза повторно да запеам, ама само ако имам добра. А за мене добра песна е песната чии автори се Александар Митевски и Владо Јаневски. Максимално го почитувам нивниот труд и талент. Ова што се случува со мене се случува и со "Нови дечки". Ние никогаш не сме се откажале, но моментално стагнираме поради големите професионални обврски на членовите на групата - вели Коки. *(В.М.)*

## Жаклина Стефковска со спот за "Засекогаш твоја"



"Засекогаш твоја", песната со која Жаклина Стефковска на фестивалот "Скопје 2001" ги освои сите симпатии, но не и награда, доби и свое видеоиздание. Се промовираше во петокот, во кафулето "Фејс", во присуство на многу нејзини колеги од Театарот за деца и младинци и од естрадата. На продукцијата "Видео мулти медија" ова ѝ е прв спот, ама прв спот е и на Жаки. Спотот доби аплаузи од присутните новинари, пријатели, колеги, меѓу кои беа актерот Нино Леви, инаку водител на промоцијата, Олгица Христовска, Магдалена Черних, Предраг Павловски, Маја Вељковиќ... *(В.М.)*

## Макс Кавалера во Скопје



*Бендот "Соулфлај"*

Гуруто на металот и некогашен предводник на "Сепултура", големиот Макс Кавалера, како дел од светската турнеја на својот бенд "Соулфлај", ќе го посети и Скопје. Концертот ќе се одржи на 27. овој месец, со почеток во 20 часот, во анекс-халата на Скопски саем, и наедно ќе претставува мала најава за големиот летен отворен фестивал "Аларм", кој годинава ќе се одржи по втор пат. Организаторот на концертот, "Литиум рекордс", вели дека билетите за овој металнастан се пуштени во продажба, во "Југотон" се продаваат по 400 денари, додека на Скопски саем по 500 денари. Предгрупи на скопскиот концерт ќе бидат "Верка" и "Сињак". За групата "Верка" ова наедно ќе биде жива промоција на нејзиниот деби-албум "Џага". "Сињак", пак, ќе има можност на иста сцена да си ги одмери силите со легендите на металот, по минатогодишниот настап на "Таксират 4", заедно со "Аморфис".

Бендот беше пример за нескротливост, агресивност, социјална свесност и политичка ангажираност. *(В.М.)*

## "Златна бубамара" си доби портпарол

"Извршниот управен одбор" на "Златна бубамара на популарноста" донесе важна одлука. Водена од новите "тренди" случувања во државава, и "бубамарата" ќе си има свој портпарол. "Иако лани за влакно му избега наградата пејач на годината, по трите изборни круга, титулата убедливо ја добива Мишко Барзов, истакнат поединец во областа на јавниот живот, поучен од искуствата во ´Несоница´ и ´Автомагазин´, момче од угледно интелектуално семејство", вели во свој стил Ранко Петровиќ, претседател на гласачката академија за наградите. Значи, сите ургенции за гратис-билети и прашањата од грбот на Ранко се префрлаат на Мишко. Останатото е познато: 24 февруари, Универзална сала, комплетно во живо, водител Тони Михајловски, новодизајнирана статуетка од "Агенс", 30 наградени, плус гости изненадувања... **(М.Џ.)**